РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-464/7
04-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-464/1 од 26.01.2026 година, оформен по доставена пријава против лицето ----, Заменик директор на КПУ ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-464/1 од 26.01.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 26.01.2026 година, поднесена е пријава против лицето ----, Заменик директор на КПУ ---- и оформен е предмет бр. 12-464/1 од 26.01.2026 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека лицето ----- Заменик директор на КПУ ---- (понатаму: Заменик директор), не го почитувал работното време, односно не се појавувал на работното место и со тоа го оштетувал буџетот и ја злоупотребувал функцијата.

Дополнително, подносителот навел и дека постоеле сомненија за ослободување на затвореници надвор од законски предвидените процедури и вршење на притисок врз лица за изнуда на парични средства (рекет).

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот инспекторат за труд (понатаму: Инспекторат) и Управата за извршување на санкции (понатаму: Управа).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Инспекторатот со допис - Известување, се изјаснил дека извршил вонреден инспекциски надзор на субјектот КПУ ----, за што составил Записник ИП1 бр---- од 23.03.2026 година. Видно од содржината на записникот, Инспекторатот констатирал дека Заменикот директор, е лице кое е носител на функција, однсно именувано од Влада на РСМ со мандат од 4 години и истот не се смета за вработен во јавен сектор во смисла на член 2 од Законот за вработени во јавниот сектор, поради што за истиот не се применуваат неговите одредби, како и општите одредби за работни односи, односно работодавачот не е должен да го уреди работното време за функционерот согласно наведените законски одредби.

Според член 2 став 3 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024) (понатаму: ЗВЈС), функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Северна Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор.

Управата со допис – Одговор на Барање за доставување, се изјаснила дека со оглед на природата и специфичноста на раководните позиции во затворскиот систем, ангажманот на Заменик директорот подразбирал постојана достапност и оперативна активност на терен, со цел зачувување на безбедносната состојба на установата. Дополнително, истиот не се смета за вработен во јавен сектор во смисла на член 2 од ЗВЈС, поради што за истиот не се применуваат одредбите од ЗВЈС, како и општите одредби од Законот за работни односи, односно

работодавачот, во конкретниот случај КПУ ---- не бил должен да го уреди работното време на функционерот согласно со наведените одредби.
Исто така, навела дека погодностите на осудените лица, прекинот на казна или промената на третманот, се одвиваат во согласност со законските и подзаконските акти, односно врз основа на соодветни предлози за кои се дава мислење на одржани конференциски средби и се одлучува од страна на Директорот на установата, односно за прекинот на казна од страна на судијата за извршување на санкциите и Директорот на Управата. Наводите за било каков притисок или изнуда при одлучувањето за правата и погодностите на осудените лица се отфрлаат и се сметаат за целосно неосновани, од причина што раководството на установата работело одговорно и професионално.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.Член/anëtar

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата